Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа

Бр. 08-8464/1
05.07 2022 год.
ОХРИД

Република Македонија

**Општина Охрид**

Сектор за туризам и локален економски развој

Одделение за туризам

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493

**Процедура за доделување на промотивен материјал на град Охрид**

Согласно програмата за развој на туризмот, Секторот ТЛЕР при Општина Охрид, располага и дистрибуира промотивен материјал на град Охрид кој е наменет за промоција на туристичкиот потенцијал на градот Охрид на туристичките саеми и берзи, но истиот може да го користат и физички и правни лица кои имаат за цел промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид во земјата и странство.

Физички и правни лица кои можат да се јават како баратели на промотивен материјал можат да бидат :

- Кабинет на градоначалник, протокол и други сектори и одделенија при општина Охрид
- угостителски и туристички субјекти
- даватели на услуги од мал обем (кои навремено ја подмируваат такстата за привремен престој)
- државни институции
- Амбасади и дипломатски претставништва
- здруженија на граѓани
- факултети, средни и основни училишта
- фолклорни групи
- спортски друштва

и други физички и правни лица на кои материјалот им е потребен за промотивни цели на Охрид.

Барателите на промотивен материјал поднесуваат **БАРАЊЕ** кое може да го добијат во канцелариите на секторот ТЛЕР или на официјалната веб страна на општина Охрид www.ohrid.gov.mk. Барања може да се поднесат лично во просториите на Секторот за ТЛЕР или електронски на следниот е-маил: info@ohridler.com.mk . За издавање на промотивниот материјал за град Охрид одлучува раководно лице од Секторот или лице кое ќе биде овластено од Градоначалникот или од Секретарот на општина Охрид кое го задржува правото да одлучува за видот и количината на промотивниот материјал кој е одобрен да се издаде.

Градоначалник на општина Охрид
Кирил Пецаков

Република Северна Македонија
ОХРИД